РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 09-394/1
08-06-2023 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

03-137
10.03. 3

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во ___________ на __ __.2023 помеѓу:

1. Комисија за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: КСЗД), со седиште на ул.„Даме Груев" бр. 1, Скопје, претставувана од претседателот, Исмаил Камбери, од една страна и

2. Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, во име на Мрежата за заштита од дискриминација (во натамошниот текст: МЗД), со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр.83, Скопје, претставувано од извршната директорка Уранија Пировска, од друга страна.

3. Здружение за Рурален развој Локална акциона група Осоговски Лисец, со седиште во с. Ранковце бб, Општина Ранковце, претставувано од претседателот Марјан Трајковски.

Тргнувајќи од надлежностите и областите на делување на вклучените страни, а заради воспоставување на соработка во заедничките полиња на интерес, со овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: Меморандум) страните се договорија за следното:

## 1. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА СОРАБОТКАТА

### Член 1

Овој Меморандум за соработка има за цел да ги воспостави формата и начините според кои Мрежата за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Здружение за Рурален развој Локална акциона група Осоговски Лисец ќе соработуваат во спроведувањето на активностите кои се од заеднички интерес.

### Член 2

Главната цел на овој Меморандум е да се воспостави одржлива соработка меѓу страните со цел да се унапреди спречувањето и заштитата од дискриминација, да се промовираат принципите на еднаквост, инклузивност и недискриминација.

Соработката ќе вклучува заедничка работа меѓу потписниците за промоција на принципот на еднаквост и недискриминација, унапредување на пристапот до механизмите за заштита од дискриминација, подигнување на свесноста за правото на еднаквост и заеднички активности за надминување и намалување на дискриминацијата на која било основа.

## 2. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

### Член 3

МЗД, КСЗД и Здружение за Рурален развој Локална акциона група Осоговски Лисец ќе соработуваат во реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни- Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка" и тоа:

- Унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во североисточниот регион на Република Северна Македонија.
- Обука за локални ГО, општини и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација
- Одржување на отворен ден за БПП за препознавање на дискриминација и работата на МЗД и КСЗД
- Одржување на трибина со претставник на КСЗД за препознавање и заштита од дискриминација, како и презентација на работата на КСЗД
- Одржување на отворена презентација за општо население на јавно место за препознавање и заштита од дискриминација
- Одржување на средба со граѓани за правни совети за дискриминација со претставник на МЗД и/или КСЗД
- Дистрибуција на информативен материјал за препознавање и заштита од дискриминација
- Претставување на иницијативата и прашањето на еднаквост и недискриминација во медиумите и пред локалните актери и институции

Член 4

Трошоците за реализиција на активностите од член 3 ќе бидат покриени од страна на Мрежата за заштита од дискриминација, Хелсиншкиот комитет за човекови права и останатите партнери согласно проектните документи.

Член 5

МЗД, КСЗД и Здружение за Рурален развој Локална акциона група Осоговски Лисец ќе одржуваат средби и консултации со за прашања кои се однесуваат на некоја од заедничките активности или области на соработка предвидени со овој Меморандум.

Претставник на КСЗД за редовна комуникација, координација и реализиција на активностите е Игор Јадровски. Претставничка на МЗД за редовна комуникација, координација и реализиција на активностите е Наташа Петковска. Претставник/чка на Здружение за Рурален развој Локална акциона група Осоговски Лисец за редовна комуникација, координација и реализација на активности е Димитар Петровски.

## 3. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

Член 6

Двете страни се согласуваат соработката да трае во временски период од две години, почнувајќи од март 2023 година, заклучно со март 2025 година.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Овој Меморандум ќе се применува од денот на неговото потпишување, а секоја од страните може да го откаже преку писмено известување до другата страна, со писмено

образложување на причините за отповикување на Меморандумот.

Меморандумот за соработка ќе престане да важи по истекот на 30 дена од приемот на известувањето за откажувањето.

Член 8

Овој Меморандум може да се измени и дополни по претходно усогласување од страните.

Член 9

Овој Меморандум е составен во 3 (три) еднообразни примероци, од кои по еден за секоја страна.

Со потпишување на овој Меморандум, страните изрично изјавуваат дека се согласуваат со неговата содржина и ги прифаќаат предвидените права и обврски.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

---------------------------

Исмаил Камбери
Претседател

Мрежа за заштита од дискриминација
Хелсиншки комитет за човекови права

---------------------------

Уранија Пировска
Извршна дирекорка

Здружение за Рурален развој Локална акциона група Осоговски Лисец

Марјан Трајковски
Претседател